РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 10-580/10
29.4. 2025 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Согласно член 6 став 1 точка 3, член 8 став 1 алинеја 6, член 8-а став 1 алинеја 2, 8-б и 8-в од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18), член 26, член 27 став 4, член 53 и член 54 став 4 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на РСМ", бр. 161/19), член 2 од Правилникот за образецот на пријавата за учество на јавен оглас за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар во основните и средните училишта во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија бр. 96/21), Годишниот план за работа на Бирото за 2025 година бр. 01-287/2 од 27.01.2025 година, Програмата за обука за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2025 година (Сл. весник на РСМ бр. 31/25 од 13.02.2025 година) и Програмата за обуки за стручно усовршување на стручните соработници (Сл. весник на РСМ бр. 31/25 од 13.02.2025 година), донесени од министерот за образование и наука, член 2 став 1 точка 2 и став 2 и член 3 од Правилникот за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставниците и стручните соработници) во основните и средните училишта во Република Северна Македонија бр. 01-333/5 од 22.04.2025 година, Бирото за развој на образованието распишува

# ЈАВЕН ОГЛАС

## за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници)

Бирото за развој на образованието објавува јавен оглас за акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) во средните училишта на следните теми:

Наставници

- Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава (приоритетна програма) и

- Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици (приоритетна програма).

Стручни соработници

- Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците (приоритетна програма).

Заинтересираните понудувачи треба да изработат и достават програма за реализација на еднодневна осумчасовна обука на наставници/стручни соработници од средните училишта на горенаведените теми, како и Каталог-верзија на програмата.

Услов за учество во постапката за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) е исполнување на критериумите за чие докажување се потребни следниве документи:

1. документ за регистрирана дејност издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
2. тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
3. биланс на состојба и биланс на успех издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
4. потврда дека не е отворена постапка за стечај издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
5. потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
6. потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки издадена од Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија,
7. потврда издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица, дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење одделна дејност,
8. потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
9. потврда издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица, дека не му е

изречена споредна казна, забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство,

10. изјава дека има искуство во реализација на обуки за професионално усовршување, со подетални информации, како потврда дека има спроведено најмалку три обуки за наставници/стручни соработници во формално образование на различни теми во последните пет години сметано до денот на објавување на огласот, заверена и потпишана од овластено лице на понудувачот, поткрепена со доказ (договор, потврда и сл.),

11. изјава од понудувачот дека располага со соодветно опремени простории во кои ќе ги спроведува обуките со наставни помагала за современа реализација на обуките, со приложен договор за обезбедени соодветни простории од најмалку шест региони во државата,

12. листа и биографија (CV) од најмалку 40 обучувачи на државно ниво за соодветната област, кои:

- имаат најмалку VII/1 степен на образование, односно 240 кредити, што се докажува со поднесување копија од диплома или уверение за завршено образование и имаат одржано најмалку 2 (две) обуки од соодветната област, што се докажува со поднесување на оригинална потврда или препорака за спроведени обуки издадена од институција/фирма за која е извршена услугата **или**
- се предавачи на најмалку една (1) студиска програма од соодветната област, што се докажува со поднесување на оригинална потврда издадена од институцијата за која се врши услугата, односно во која се вработени и/или се ангажирани.

13. изјави од обучувачите дека се согласни да ги реализираат конкретните обуки.

Со документот од точката 1 понудувачот на услуги докажува дека е регистриран за вршење дејност најмалку пет години пред датумот на објавување на јавниот оглас.

Со документот од точката 3 понудувачот на услуги докажува дека има минимален вкупен приход на средства во износ од 6. 000. 000 денари во последните три години.

Горенаведените критериуми **се елиминаторни.**

Овластеното службено лице од Бирото кое ја води постапката треба во рок од три дена од денот на приемот на пријавата за учество од заинтересираниот понудувач по службена должност да ја побара документацијата од точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од надлежниот орган.

Документите од точките 10, 11, 12 и 13 ги изготвува, потпишува, заверува и ги доставува одговорно лице на понудувачот.

Понудувачот треба да достави програма за акредитација на конкретна тема од јавниот оглас согласно утврдените критериуми во документацијата за јавниот оглас.

Понудувачот треба да достави понуда на цена по учесник согласно утврдените критериуми во документацијата за јавниот оглас.

Критериуми за вреднување на прифатените понуди се:

- цена по наставник– 30 бода,
- содржина на понудената програма – 60 бода,
- следење на ефектите од обуката – 10 бода.

Согласно член 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование (Сл. весник на РСМ бр. 78/25 од 11.04.2025 година), каде е предвидена работна позиција кариерен советник, предвидената приоритетна програма за обука на стручните соработници во средните училишта на тема *Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците* како тема за обука ќе се однесува и на кариерните советници во средните училишта, во Република Северна Македонија.

Обуките за наставниците/стручните соработници ќе се спроведат на македонски јазик, албански јазик и/или на турски јазик. Обуките ќе се спроведат и на турски јазик доколку се формираат групи со минимален број од 30 учесници. Доколку понудувачот не е во можност да обезбеди обучувачи на турски јазик, истиот може да обезбеди консекутивен превод на турски јазик.

Бирото за развој на образованието донесува Решение за акредитација на програма за обука и понудувач на услуги со важност од три (3) години и склучува договор/и со понудувачот/понудувачите во кој се дефинираат фазите и динамиката на реализација на обуките за околу 7 000 наставници, односно околу 500 стручни соработници од средните училишта во Република Северна Македонија.

Во зависност од расположивите средствата во Буџетот на Бирото, реализацијата на обуките ќе се одвива етапно, во период до важноста на Решението за акредитација.

**Јавниот оглас трае 20 дена, сметајќи го и денот на објавувањето.**

Јавното отворање на понудите ќе се одржи во просториите на Бирото за развој на образованието, ул. Руѓер Бошковиќ бр. 20 Скопје, на **19.05.2025 година во 11:00 часот.**

Рокот за поднесување на документацијата во архивата на Бирото е **19.05.2025 година до 10:30 часот.**

Пријавите со некомплетна и невалидна документација и ненавремено доставените пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Потребната документација за учество на јавниот оглас може да се подигне од архивата на Бирото за развој на образованието или од веб-страницата на Бирото: www.bro.gov.mk

На јавното отворање на пристигнатите понуди може да учествуваат претставници на заинтересираните учесници со писмено овластување заверено со потпис и печат од одговорното лице.

Како понудувачи на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници) од средните училишта во Република Северна Македонија може да се јават јавни и приватни установи, здруженија на граѓани и трговски друштва.

Понудувачите на услуги можат да поднесат самостојна пријава за учество или самостојна понуда или можат да се здружат и да формираат група понудувачи со цел заедно да поднесат пријава за учество или групна понуда.

На јавниот оглас не може да се јави ниту како понудувач на услуги ниту како ангажиран обучувач вработен во Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Центарот за образование на возрасни, Центарот за стручно образование и обука, Државниот просветен инспекторат и директор на училиште.

Заинтересираните понудувачи може сите прашања во врска со јавниот оглас да ги постават во електронска форма најдоцна 3 дена пред јавното отворање на понудите на следниот мејл: bro.macedonia@bro.gov.mk со назнака „За комисија за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги на воспитно-образовниот кадар (наставници и стручни соработници).

Биро за развој на образованието